# Извештај на независниот ревизор

До Раководството на Ларин Мрамор Компани АД, Скопје

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија

**Т** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**Е** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

## Извештај за посебните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на придружните посебни финансиски извештаи на Ларин Мрамор АД, Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото"), составени од Посебен извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2023 година, Посебен извештај за сеопфатната добивка, Посебен извештај за промените во капиталот и Посебен Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 3 до 28.

*Одговорност на Раководството за посебните финансиски извештаи*

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие посебни финансиски извештаи, согласно сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на посебни финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие посебни финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали посебните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во посебните финансиски извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во посебните финансиски извештаи, било поради измама или грешка.

При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на посебните финансиски извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на посебните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Наше мислење е дека, посебните финансиски извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото Ларин Мрамор Компани АД, Скопје на ден 31 декември 2023 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 79 од 2010 година

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

Grant Thornton

*Нагласок на прашање*
Како што е опишано во Белешка 2.3 кон придружните посебни финансиски извештаи, Друштвото искажа загуба од своето работење за деловната 2023 година во износ од 10,671 илјади денари и на датумот на известување акумулираната загуба изнесува 23,872 илјади денари, како и тековните обврски ги надминуваат тековните средства за износ од 113,551 илјади денари, поради обврски кон поврзани субјекти како што е обелоденето во белешка 25 кон придружните посебни финансиски извештаи. Овие показатели укажуваат на постоење материјална неизвесност којашто може да наметне значајно сомневање за способноста на Друштвото да продолжи врз основа на претпоставката за континуитет.

Способноста на Друштвото да продолжи со своите деловни активности во иднина зависи пред се од можноста за изнаоѓање на континуирани извори на финансирање. Раководството на Друштвото оценува дека претпоставката за континуитет применет при подготовката на овие финансиски извештаи е соодветна имајќи ја во предвид намерата на сопственикот, изразена во своето необврзувачко писмо, да продолжи со поддршката на Друштвото во период не пократок од 12 месеци од датумот на писмото.

Овие финансиски извештаи не содржат било какви корекции и рекласификации на евидентираните износи на средствата и обврските кои што би биле неопходни доколку Друштвото не би продолжило со своите деловни активности во неограничена иднина.

Нашето мислење не е дополнително квалификувано во однос на горенаведените прашања.

### Извештај за други правни и регулаторни барања

Раководството на Друштвото Ларин Мрамор Компани АД, Скопје е исто така одговорно за изготвување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2023 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со информациите објавени во посебната годишна сметка и посебните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2023, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[2], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото Ларин Мрамор Компани АД, Скопје за 2023 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во посебната годишна сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2023.

Марјан Андонов
Управител
Грант Торнтон ДОО, Скопје

Маја Атанасовска
Овластен ревизор

Скопје, 03 јули 2024 година

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија број 79 од 2010 година

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.